# ИЛИРИКА ФУНД МЕНАЏМЕНТ АД, СКОПЈЕ

**Финансиски извештаи**
**за годината што завршува на**
**31 декември 2019 и**
**Извештај на независниот ревизор**

**СОДРЖИНА**


| | Страна |
|---|---|
| Извештај на независниот ревизор | 1-2 |
| Извештај за сеопфатната добивка | 3 |
| Извештај за финансиската состојба | 4 |
| Извештај за промените во главнината | 5 |
| Извештај за паричните текови | 6 |
| Белешки кон финансиските извештаи | 7 – 27 |
| Прилог 1 – Годишен извештај | |
| Прилог 2 – Годишна сметка | |

Ул. Васил Главинов бр 16,
БЦ Палома Бјанка, кат 2, локал 11,
1000, Скопје
Жиро сметка: 530010401789938
Даночен број: MK5080015505003
Депонент: Охридска банка АД, Скопје

## ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИОТ РЕВИЗОР

## ДО РАКОВОДСТВОТО И АКЦИОНЕРИТЕ НА ИЛИРИКА ФУНД МЕНАЏМЕНТ АД, СКОПЈЕ

Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи (страна 3 - 27) на ИЛИРИКА ФУНД МЕНАЏМЕНТ АД, Скопје (во понатамошниот текст "Друштвото"), кои се состојат од извештај на финансиската состојба на ден 31 декември 2019 година и извештајот за сеопфатна добивка, извештајот за промените во главнината и извештајот за парични текови за годината што завршува на 31 декември 2019 година и прегледот на значајни сметководствени политики и останати белешки.

*Одговорност на раководството за финансиските извештаи*

Раководството е одговорно за подготвувањето и објективното презентирање на овие финансиски извештаи во согласност со сметководствените стандарди кои се применуваат во Република Македонија и интерна контрола за која раководството смета дека е неопходна за подготвување на финансиските извештаи кои не содржат материјално погрешно прикажување, без разлика дали тоа е резултат на измама или грешка.

*Одговорност на ревизорот*

Наша одговорност е да изразиме мислење за овие финансиски извештаи врз основа на нашата ревизија. Ние ја извршивме нашата ревизија во согласност со ревизорските стандарди кои се во примена во Република Северна Македонија. Овие стандарди бараат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата на начин кој ќе ни овозможи да добиеме разумно уверување дека финансиските извештаи не содржат материјално погрешно прикажување.

Ревизијата вклучува спроведување на постапки за прибавување на ревизорски докази за износите и обелоденувањата во финансиските извештаи. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и проценката на ризиците од значајно погрешно прикажување на финансиските извештаи, настанато како резултат на измама или грешка. При проценувањето на овие ризици ревизорот ја разгледува интерната контрола релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи на Друштвото со цел дизајнирање на ревизорски постапки кои што се соодветни на околностите, но не и со цел на изразување на мислење за ефективноста на интерната контрола на Друштвото. Ревизијата исто така вклучува и оценка за соодветноста на користените сметководствени политики и на разумноста на сметководствените проценки направени од страна на раководството, како и оценка на севкупното презентирање на финансиските извештаи.

Веруваме дека ревизорските докази кои ги имаме прибавено се достатни и соодветни за да обезбедат основа за нашето ревизорско мислење.

*Мислење*

Според наше мислење, финансиските извештаи ја прикажуваат реално и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на ИЛИРИКА ФУНД МЕНАЏМЕНТ АД, Скопје на ден 31 декември 2019 година како и резултатите од работењето и паричните текови за за годината што завршува на 31 декември 2019 година во согласност со сметководствената регулатива која се применува во Република Македонија.

(продолжува)

**ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИОТ РЕВИЗОР**

**ДО РАКОВОДСТВОТО И АКЦИОНЕРИТЕ НА ИЛИРИКА ФУНД МЕНАЏМЕНТ АД, СКОПЈЕ (продолжение)**

*Останато*

Ревизијата на финансиските извештаи на Фондот за годината што завршува на 31 декември 2018 година беше извршена од страна на друг ревизор, кој во својот извештај од 30 март 2019 година изразил мислење без резерва.

*Извештај за други правни и регулаторни барања*

Раководството на Друштвото е одговорно за изготвување на годишниот извештај (додаток 1 кон финансиските извештаи) и годишната сметка (додаток 2 кон финансиските извештаи) во согласност со Законот за трговски друштва и истите беа прифатени и одобрени од раководството, поднесени во Централниот регистар на Република Македонија на 25 февруари 2020 година. Наша одговорност е да издадеме мислење во врска со конзистентноста на годишниот извештај со годишната сметка и финансиски извештаи на Друштвото. Ние ги извршивме нашите постапки во согласност со Законот за ревизија на Република Македонија и Меѓународниот стандард за ревизија 720 – Одговорности на ревизорот во врска со други информации во документи кои содржат ревидирани финансиски извештаи. Според наше мислење историските финансиски информации обелоденети во годишниот извештај се конзистентни со годишната сметка и приложените ревидирани финансиски извештаи на Друштвото за годината што завршува на 31 декември 2019 година.

ТП Ранѓеловиќ, Скопје

Ненад Ранѓеловиќ
Управител

ТП за сметководствени, книговодствени, даночно советување и ревизорски работи РАНЃЕЛОВИЌ Ненад Слободан Ранѓеловиќ Скопје

Ненад Ранѓеловиќ
Овластен ревизор

Скопје
18 март 2020 година

**ИЗВЕШТАЈ ЗА СЕОПФАТНА ДОБИВКА**
**За годината што завршува на 31 декември 2019 година**
**(Во илјади денари)**

| | Белешка | 31 декември 2019 | *(ревизијата ја изврши друг ревизор)* 31 декември 2018 |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Приходи од продажба | 5 | 21,685 | 13,265 |
| Приходи од дивиденди | | 99 | - |
| Реализирани добивки од продажба на финансиски средства расположливи за продажба | | 78 | 1 |
| Останати приходи | | 59 | - |
| | | 21,921 | 13,266 |
| **Расходи** | | | |
| Трошоци за вработени | 7 | (3,487) | (3,063) |
| Амортизација | | (171) | (152) |
| Останати оперативни трошоци | 8 | (9,780) | (6,664) |
| | | (13,438) | (9,879) |
| **Добивка од деловно работење** | | | |
| Приходи од камати, нето | 9 | 202 | 93 |
| Позитивни курсни разлики, нето | 10 | - | 4 |
| **Нето финансиски приходи** | | 202 | 97 |
| **Добивка пред оданочување** | | 8,685 | 3,484 |
| Данок на добивка | 11 | (832) | (363) |
| **Нето добивка за годината** | | 7,853 | 3,121 |
| Останата сеопфатна добивка | | 600 | - |
| **Вкупна сеопфатна добивка за годината** | | 8,453 | 3,121 |
| **Основна заработувачка по акција** | 19 | 0.16 | 0.06 |

Белешките кон финансиските извештаи се интегрален дел од овие финансиски извештаи и треба да се читаат во врска со истите.

Овие финансиски извештаи беа изготвени и прифатен од раководството на Друштвото на 17 февруари 2020 година.

Одобрено од:

Коста Костадиновски
Главен извршен директор

**ИЗВЕШТАЈ ЗА ФИНАНАСИСКАТА СОСТОЈБА**
**На 31 декември 2019 година**
**(Во илјади денари)**

| | Белешка | 31 декември 2019 | *(ревизијата ја изврши друг ревизор)* 31 декември 2018 |
|---|---|---|---|
| **СРЕДСТВА** | | | |
| **Нетековни средства** | | | |
| Нематеријални средства | 12 | 774 | 892 |
| Опрема | 12 | 92 | 151 |
| Финансиски средства расположливи за продажба | 18 | 2,343 | 1,343 |
| **Вкупно нетековни средства** | | 3,209 | 2,386 |
| **Тековни средства** | | | |
| Побарувања од купувачи | 15 | 3,550 | 875 |
| Останати средства | 16 | 63 | 47 |
| Краткорочни заеми на поврзани субјекти | 17 | 617 | 617 |
| Краткорочни депозити | 19 | 11,975 | 5,125 |
| Пари и парични еквиваленти | 20 | 1,023 | 112 |
| **Вкупно тековни средства** | | 17,228 | 6,776 |
| **ВКУПНО СРЕДСТВА** | | 20,437 | 9,162 |
| **ГЛАВНИНА И ОБВРСКИ** | | | |
| **ГЛАВНИНА** | | | |
| Акционерски капитал | 21 | 30,653 | 30,653 |
| Законски резерви | | 26 | 26 |
| Ревалоризациони резерви | | 1,804 | 1,204 |
| Акумулирана добивка | | (15,463) | (23,316) |
| **Вкупно главнина** | | 17,020 | 8,567 |
| **Тековни обврски** | | | |
| Обврски кон добавувачи | 22 | 1,366 | 193 |
| Обврски спрема вработени | | 706 | 283 |
| Останати обврски | | 850 | 109 |
| Обврски за данок на добивка | | 495 | 10 |
| **Вкупно тековни обврски** | | 3,417 | 595 |
| **ВКУПНО ГЛАВНИНА И ОБВРСКИ** | | 20,437 | 9,162 |

Белешките кон финансиските извештаи се интегрален дел од овие финансиски извештаи и треба да се читаат во врска со истите.

## ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОМЕНИТЕ ВО ГЛАВНИНАТА
**За годината што завршува на 31 декември 2019 година**
**(Во илјади денари)**

| | Акционерски капитал | Законски резерви | Ревалоризациони резерви | Акумулирана загуба | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| **Состојба, 1 јануари 2018** | 30,653 | 26 | 1,204 | (26,437) | 5,446 |
| Добивка за периодот | - | - | - | 3,121 | 3,121 |
| Останата сеопфатна добивка | - | - | - | - | - |
| Пренос на законски резерви | - | - | - | - | - |
| *(ревизијата ја изврши друг ревизор)* | | | | | |
| **Состојба, 31 декември 2018** | 30,653 | 26 | 1,204 | (23,316) | 8,567 |
| **Состојба, 1 јануари 2019** | 30,653 | 26 | 1,204 | (23,316) | 8,567 |
| Добивка за периодот | - | - | | 7,853 | 7,853 |
| Вредносно усогласување на хартии од вредност | - | - | 600 | - | 600 |
| **Состојба, 31 декември 2019** | 30,653 | 26 | 1,804 | (15,463) | 17,020 |

Белешките кон финансиските извештаи се интегрален дел од овие финансиски извештаи и треба да се читаат во врска со истите.

**ИЗВЕШТАЈ ЗА ПАРИЧНИТЕ ТЕКОВИ**
**За годината што завршува на 31 декември 2019 година**
**(Во илјади денари)**

| | Белешка | 31 декември 2019 | *(ревизијата ја изврши друг ревизор)* 31 декември 2018 |
|---|---|---|---|
| **Парични текови од оперативни активности** | | | |
| Приливи од провизии, надоместоци и останати приходи | | 19,053 | 15,007 |
| Одливи за бруто плати и трошоци за вработените | | (3,064) | (3,005) |
| Одливи кон добавувачи за набавки и за провизии | | (7,757) | (8,135) |
| Платен данок на добивка | | (347) | (353) |
| **Нето (одливи) / приливи од оперативни активности** | | 7,885 | 3,514 |
| **Парични текови од инвестициони активности** | | | |
| Приливи од камата | | 203 | 102 |
| Приливи од дивиденди | | 99 | |
| Платени камати | | (1) | (6) |
| Набавка на опрема | | (103) | (99) |
| Нето приливи / (одливи) за депозити во банки | | (6,850) | (2,335) |
| (Одливи) / приливи за купување на финансиски средства, нето од приливи | | (322) | (1,343) |
| **Нето одливи од инвестициони активности** | | (6,974) | (3,681) |
| **Парични текови од финансиски активности** | | | |
| Одливи за позајмици | | - | (617) |
| **Нето приливи / (одливи) од финансиски активности** | | - | (617) |
| **Нето (намалување) / зголемување на пари и парични еквиваленти** | | 911 | (784) |
| Пари и парични еквиваленти на 1 јануари | | 112 | 896 |
| **Пари и парични еквиваленти на 31 декември** | | 1,023 | 112 |

Белешките кон финансиските извештаи се интегрален дел од овие финансиски извештаи и треба да се читаат во врска со истите.